РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 834/23
18 JUL 2023 2023 година
С к о п ј е

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат**

За извршител на работното место-самостоен советник-преведувач од македонски на албански и од албански на македонски јазик се избира кандидатот Шерибан Клокочи.

**О б р а з л о ж е н и е**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 19 мај 2023 година објави Јавен оглас бр.2/2023 во два дневни весници („Нова Македонија" и „Коха") и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место-самостоен советник-преведувач од македонски на албански и од албански на македонски јазик во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија (еден извршител).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на ден 5 јуни 2023 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.620/2023 од 5 јуни 2023 година.

На 14 јуни 2023 година, Комисијата спроведе стручен испит заради проверка на стручноста, знаењата и вештините на кандидатите, а на 19 јуни 2023 година, спроведе интервју каде преку ситуациони и стручни прашања беа проверени потребните работни вештини и знаења за работното место за коешто аплицирале кандидатите.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за работното место Су.бр.722/2023 од 28 јуни 2023 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидатот како што е наведено во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на сајтот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска